Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), член 7 од Законот за комуналните дејности (“Службен весник на РМ” бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и “Службен весник на РСМ” бр.302/20) и член 23 став 1 точка 13 од Статусот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.05/19), Советот на општина Чучер-Сандево на 20-та седницата одржана на 30.01.2023 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2023 ГОДИНА

## I.ВОВЕД

Во рамките на надлежностите на општината утврдени со Закон за локална самоуправа, а операционализирани со посебните закони е и одржување на јавното осветлување, врз основа на планови и годишни програми.

## II.ЦЕЛ

Цел на програмата е изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во исправна состојба.

## III.ПРЕДМЕТ

Предмет на Програмата се активности во текот на 2023 година, кои ќе се превземат на планот за реконструкција и одржување на јавното осветлување.

## IV.ОБЕМ И ДИНАМИКА НА АКТИВНОСТИ

а) Обем

1.Реконструкција на јавно осветлување во сите населени места.

2.Редовно одржување на јавното осветлување во исправна состојба во сите населени места.

3.Редовно плаќање на фактурите за потршена ел.енергија по основ јавно осветлување.

б) Динамика

Динамиката на реконструкцијата и редовно одржување на јавното осветлување ќе се одвива согласно оперативно-термински план изготвен од страна на Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, а динамиката на плаќањето на фактурите ќе се одвива согласно доспеаните фактури и приливот на финансиски средства по основ комунална такса за јавно осветлување.

## V.ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на оваа програма во рамките на Буџетот на Општината за 2023 година – Програма Ј30-Јавно осветлување, предвидени се финансиски средства во износ од **8.000.000,00** денари, од кои:

-за потрошена ел.енергија по основ јавно осветлување **5.000.000,00** денари и

-за одржување и поправки **3.000.000,00** денари.

**VI.ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Активностите за реконструкција и одржување на јавното осветлување ќе ги извршува Општина Чучер-Сандево преку Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој.

**VII.НАДЗОР**

Надзор над спроведувањето на програмата врши Градоначалникот на општина Чучер-Сандево.

**VIII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Чучер-Сандево", а ќе се применува до 31.12.2023 година.

**Бр. 08-77/6**
**30.01.2023 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска**

____________________